**20231172162**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за развој, производство и промет на воени стоки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 298/21), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 мај 2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ ПРОМЕТ НА ВОЕНИ СТОКИ

Член 1

Со ова решение се формира Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење промет на воени стоки во следниот состав:

1. За претседател на Комисијата се именува Коста Начевски, директор на Управата за наменско производство при Министерството за економија, за членови на Комисијата се именуваат:

- Јовица Јастревски, помлад соработник во Управата за наменско производство при Министерството за економија, кој е воедно и заменик претседател на Комисијата,
- Азем Цика, началник на одделение во Министерството за внатрешни работи,
- Елена Кузмановска, помошник директор на Директоратот за мултилатерални односи при Министерството за надворешни работи,
- Семир Муса, самостоен советник во Министерство за финансии - Царинска управа,
- Леко Младеновски, полковник во Министерство за одбрана и
- Билјана Коцевска, помошник на директор во Агенцијата за национална безбедност.

2. За заменици членови на Комисијата се именуваат:

- Маја Јовановска, раководител на одделение во Министерството за економија,
- Дејан Најдовски, самостоен советник во Министерството за внатрешни работи,
- Елионора Тодоровска, самостоен соработник во Директоратот за мултилатерални односи при Министерството за надворешни работи,
- Орце Митовски, виш инспектор во Министерството за финансии-Царинска управа;
- Љупче Ѓорѓиевски, потполковник во Министерството за одбрана и
- Вера Димитриевска, главен аналитичар во Агенцијата за национална безбедност.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за формирање Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење промет на воени стоки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 211/22).

Член 3

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4939/3
23 мај 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.